

Република Македонија
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство

# ЗПИС - ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2014

ЗПИС

www.zpis.gov.mk

## СОДРЖИНИ


Вовед
Овошје и зеленчук
Добиточни пазари
Житарки
Мед и пчелни производи
Винско грозје
Јајца
Млеко
Минерални ѓубрива
Семиња




Земјоделско Пазарен Информативен Систем

## Земјоделски пазарен информативен систем (ЗПИС)

ЗПИС е воспоставен и функционира во состав на Секторот за анализа на земјоделска политика како Одделение за земјоделско пазарен информативен систем. Поширoката цел на системот е следење на тековните и очекуваните идни трендови на локалните и меѓународните пазари на храна, како и следење на актуелните прашања кои влијаат на пазарите. Исто така, со развојот на ЗПИС се обезбедува основа за подобрување на статистичките информации, за дефинирање на најдобрите практики и методологии за применување и зајакнување на националните капацитети и капацитетите на лидерите и менаџерите во носење на одржливи пазарни одлуки.

Главната цел на Земјоделскиот пазарен информативен систем е постојано следење на пазарите на земјоделско-прехрамбените производи преку собирање, проверка на квалитетот на пазарните информации и податоци, обработка на тргуваните цени на земјоделските производи, а за некои производи и количини. Со тоа се обезбедува транспарентен преглед на движењето на цените на пазарите на земјоделските производи. Со навремен и редовен преглед на пазарните податоци и информации се подобрува нивото на донесување на правилни пазарни одлуки за пазарна орентираност на определени производи, истото доведува до намалување на пазарните ризици, задржување и освојување на нови пазари, зголемена конкурентност, како и креирање на развојни и пазарно орентирани аграрни политики. Развојот и прилагодувањето на ЗПИС кон ЕУ стандардите е опфатен и со прописите на заедницата и како систем е клучен за политиките при уредување на пазарите (ЗУП). Земјите членки на ЕУ се обврзани да доставуваат пазарни податоци до ЕК во вид на извештаи на месечно и неделно ниво, а за овошје и зеленчук на дневна основа. Пазарните податоци се користат за формулирање на заедничката земјоделска политика и за следење на пазарите, особено од аспект на активирање на механизмите за регулирање на пазарот со одреден производ.

Пазарните податоци завземаат се позначајна улога во полето на финансиските и осигурителните услуги, во прв ред преку правилно дефинирање на штетите од било кој вид и исплата на обештетување на засегнатите страни.

Во изминатиот период во системот се собираа и доставуваа пазарни податоци од 26 пазари на мало, 8 добиточни пазари и 80 претпријатијата доставувачи на пазарни податоци за земјоделските производи од сите гранки.

Системот за ЗПИС преку веб-страницата ***www.zpis.gov.mk*** овозможува директен пристап до пазарните податоци на сите заинтересирани корисници со што е овозможена поддршка во процесот на планирањето на развојот на агробизнисот, управување со пазарите и намалување на пазарните ризици за определена група на производи или на производите поединечно.

Од почетокот на функционирање на веб-страницата на ЗПИС, системот има регистрирано повеќе од 1.200.000 посети.

На веб-страницата редовно и тековно се објавуваат неделни и месечни извештаи, актуелности и

информации од светските берзи како и прегледи за движењето на цените за одредени производи од регионот и пошироко.

Од почетокот на 2014 година, Државниот завод за статистика официјално објави дека престануваат со долгогодишната практика за собирање и објавување на податоци од зелените пазари на мало, пазарите на големо и добиточните пазари, и единствено податоците од системот за ЗПИС на МЗШВ на ниво на Република Македонија се релевантни пазарни податоци.

**Во последнот извештај објавен од страна на Европската комисија за напредокот на РМ во процесот кон пристапувањето кон ЕУ, се потенцира напредокот ( „The agricultural market information system has become the exclusive source of market data“), на Земјоделско пазарно информативниот систем ЗПИС на МЗШВ.**

## Овошје и зеленчук

Понудата на овошјето и зеленчукот на пазарите на мало и големо во 2014 година беше подобра во однос на 2013 година, кога послабиот принос предизвикан од долготрајниот сушен период. придонесе за послаба понудата. Карактеристично за 2014 година беа неповолните временски услови (врнежи, висока влажност и помалку сончеви денови), кои допринесоа за полош квалитет кај повеќето видови на овошје и зеленчук. И покрај тоа, кај поголемиот дел од земјоделските производи просечните пазарни цени се повисоки од ланските.

Споредбено со минатите години, особено на пазарите на мало, се забележува се подобар квалитет и снабденост на земјоделски производи.

Сепак, и натаму останува како недостаток, неадекватниот ланец на дистрибуција на зеленчукот и овошјето од производителот до пазарите (прекупци на овошје и зеленчук), што во голема мерка влијае на големите осцилации во цената, особено изразени вон сезоната на производство на одредени култури.

Затоа општ е зклучокот дека потребно е повеќе вложувања во производството, пакувањето и дистрибуцијата на производите со што тие би биле поконкурентни и на пазарите надвор од државата.

### Овошје - пазари на големо

**Јаболките** се овошје кое традиционално најмногу се произведува, а присутни се на пазарите во текот на целата година. Во првиот квартал од годината цената на пазарите на големо беше стабилна и се движеше во границите од 15 ден./кгр, до 19,3 ден./кг, за да на крајот од годината да достигне 20 односно 23 ден./кгр, Највисока цена од 24 ден./кгр забележа сортата Грени Смит во месец декември, а најниска сортата Ајдаред 19,5 ден./кгр, Спореденo со минатата година, се забележува намалување на просечните цени на големо кај сите сорти на јаболки.

Просечната најзастепена цена на јабоките од сортата **Ајдаред** на пазарите на големо во 2014 година изнесуваше 22,9 ден./кг., додека во 2013 год. истиот се продаваше за 25,4 ден./кг, што преставува намалување за 10%. **Златниот делишес** постигна најзастапена просечна цена од 21,9 ден./кг и намалување на цената од скоро 22 % споредено со лани кога во просек се продаваше по 28 ден./кг. **Црвениот делишес** достигна цена од 22,2 ден./кг, што е намалување за 21 % споредбено со лани. Позначајно намалување на цената од скоро 24 % бележиме кај сортата **Муцо** чија цена изнесуваше 23,3 ден./ кг, за разлика од минатата годна кога во просек се продаваше по 30,6 ден./кг. Цената на сортата **Јонаголд** изнесуваше 22,4 ден./кг, а највисока цена на пазарите на големо достигна сортата **Грени Смит** од 26,2 ден./кг.

Спротивно од јаболката, **трпезното грозје** на пазарите на големо, оваа година бележи тренд на зголемување на цената од скоро 30 % споредбено со лани што се должи на намалениот род, заради неповолните временски услови. **Црното трпезно грозје** достигна цена од 36,4 ден./кг и тренд на зголемување за 29,9 % споредбено со 2013 год., додека **белото трпезно гроје** се продаваше во просек по 31 ден./кг.

И кај **праските,** слично како кај грозјето, бележиме висок процент на зголемување на цената од 42,7 %. Тие во 2014 година достигнаа цена во просек од 27,4 ден./кг. **Нектарините со** цена од 32,5 ден./кг имаат незначителен пораст од 1 % споредено со лани.

Највисок тренд на зголемување на цената од 55% има кај **црешите** која достигна просечна цена од 70 ден./кг споредбено со 2013 год. кога се продаваше по 45 ден./кг, **сливите** достигнаа цена од 22 ден./кг , **бананите** зголемување од 19,5% со најзастапена просечна цена од 45,4 ден./кг, **јагодите со пораст** од 28,3% и цена од 72,5 ден./кг, **лешниците** со повисока цена за 25%, како и **костените** со

просечна цена од 82,5 ден./кг и пораст од 31,2%, споредбено со лани кога на пазарите на големо се нудеше во просек по 62,9 ден./кг.

Намалување на цената од 3,7 %, имаме кај **лубениците** со просечна најзастепена цена од 10,5 ден./кг, **дињите** со цена од 22,5 ден./кг, **крушките** 70,4 ден/кг и намалување на цената за 12,2 %. **Кајсиите** на пазарот на големо се продаваа во просек по 50 ден./кг што е намалување на цената за 23% споредбено со лани кога цената на големо изнесуваше 65 ден./кг.

Намалување на цените имаме кај сите видови на цитрусни овошја. **Лимоните** со цена од 58,8 ден./кг односно пад на цената за 9,6 % споредбено со 2013 кога на пазарите на големо се нудеа за 65 ден./кг. **Портокалот** има намалување на цената од 28,8% и се нуди во просек по 29,4 ден./кг. **Мандарините** достигнаа цена од 42,3 ден./кг, **жолтиот цитрон** 44,2 ден./кг, **црвениот цитрон** 52,2 ден./кг, а **кивито** 48 ден./кг.

**Споредбените цени од пазарите на големо во 2014 / 2013 се прикажани во табела 1 .*






## Овошје - пазари на мало

Кореспондентно на пазарите на големо и на **пазарите на мало**, скоро сите сорти на јаболки бележат намалување на цената од 10% до 18%. Незначително зголемување од 0,7% имаме само кај сортата Црвен делишес. Кај сортата **Ајдаред** најзастапена просечна цена изнесуваше 28,1 ден./кг и намалување од 10,8 % споредено со 2013 година кога просечната најзастапена цена изнесуваше 31,5 ден./кг. Намалување од скоро 10 % има и кај **Златниот делишес** кој на зелените пазари се нудеше во просек по 35,9 ден./кг, **Јонаголдот** 28,8 ден./кг и намалување на цената од 11%. Сортата **Муцу** достигна цена од 35,1 ден./кг . Споредбено со минатата година кога цената достигна 42,7 ден./кг, бележиме намалување од 17,8%. Сортата **Чадел** се нудеше во просек по 31 ден./кг, а највисока цена достигна јаболкото од сортата **Грени Смит** од 39,7 ден./кг Минимално зголемување од 0,7 % единствено бележиме кај **Црвениот делишес** кој достигна цена од 37,4 ден./ кг. за разлика од лани кога цената беше 37,1 ден./ кг.

Пораст на цената од 49 % имаме кај **црното трпезно грозје,** кое во 2014 се продаваше во просек по 52 ден./кг, додека во 2013 достигна најзастапена просечна цена од 34,8 ден./кг. **Белото трпезно грозје** пак достигна цена од 45 ден./кг. Значително зголемување на цената од 29% имаме и кај **сливата** како и кај **цреште** од 28 %, кои на пазарот на мало во просек се нудеа за 85,4 ден./кг споредбено со лани кога цената достигна 66,8 ден./кг. **Вишните** на зелените пазари во 2014 година се продаваа во просек по 49,8 ден./кг. Зголемување на цената кај овие култури се должи на намалениот род како и квалитетот на истиот поради неповолните временски услови .

Во последните три месеци од 2014 година зголемување на цената бележиме кај сите видови на јаткасто овошје, а драстично зголемување има кај **лупениот лешник** кој на пазарите во Скопје

достигна неверојатна цена од 1100 ден./кг. Инаку во 2014 година лешникот на пазарите на мало се продаваше во просек по 637,3 ден./кг што е зголемување на цената за 19 % споредено со 2013 година кога се нудеше за 535,6 ден./кг. Цената на **лупениот орев** е повисока за 4, 5% додека кај **костенот** зголемувањето е 7,1% кој пред новогодишните празници на зелените пазари се нудеше од 80 до 150 ден./кг или во просек по 108 ден./кг. Континуиран пораст на цената бележиме и кај **лупениот бадем** кој на почетокот на годината во (јануари) се продаваше во просек по 560 ден./кг за во месец декември да достигне цена од 694 ден./кг или најзастапена просечна цена за 2014 година од 641 ден./кг.

Повисока цена од 2,8% имаме кај **дињите** со најзастапена просечна цена од 32,9 ден./кг и **лубениците** кои се нудеа во просек по 14,9 ден./кг споредбено со 2013 кога се продаваа во просек по 14,5 ден./кг.

Незначителен пад на цената од 0,7 %, и релативно стабилна цена преку целата година имавме кај **крушките** и тие на зелените пазари во просек се нудеа по цена од 87, 5 ден./кг споредбено со 2013 година кога достигнаа цена од 88,1 ден./кг.

Зголемување на цената од 6,8 % има и кај **кајсиите,** споредбено со 2013 кога се нудеа во просек по 68,1 ден./кг. додека во 2014 достигнаа цена од 72,8 ден./кг.

Раните сорти на **праските** во месец мај на зелените пазари стартуваа со просечна цена од 73 ден./кг за подоцна како што одминуваше бербата, цената да се стабилизира меѓу 30 и 38 ден./кг Просечната најзастапена цена од 41, 8 ден./кг е за 8,2 % повисока од 2013 година кога се продаваа во просек по 38,6 ден./кг. Спротивно на праските, кај **нектарините** имаме пад на цената од 3,5 % . Цената кај истите во текот на сезоната се движеше од 35 до 60 ден./кг или во просек по 47, 7 ден./кг.

Кај јужното овошје пораст на цената има кај **бананите** од 7,7 % и кај **лимонот** од 12,6 %, со просечна цена од 86 ден./кг, додека пад на цената од 12,5 % имаме кај **портокалот** кој достигна просечна цена од 47 ден./кг за разлика од лани кога се нудеше во просек по 53,7 ден./кг **Мандарините** во просек се продаваа по цена од 58,2 ден./кг , **жолтиот цитрон** 62,6 ден./кг , **црвениот цитрон** 62,2 ден./кг а **кивито** достигна цена од 74,3 ден./кг.

Јагодестото овошје на пазарите на мало е се побарано, а со самото тоа беше зголемена понудата на истото, што влијаеше на пад на цената на **јагодите** од 10,7 %, кои достигнаа просечна цена од 132,4 ден./кг споредбено со лани кога се продаваа во просек по 148,3 ден./кг .

**Капините** се продаваа во просек по 113,6 ден./кг , **малините** достигнаа цена од 198,7 ден./кг додека **боровинките** на пазарите на мало се нудеа во просек по 175,4 ден./кг.

Се позабележителна е понудата на **аронијата** на зелените пазари која достигна просечна најзастапена цена од 315, 5 ден./кг .

Овошје кое не се третира со хемиски препарати, а со самото тоа се смета за органско овошје и кое е се побарано на пазарите е **јапонското јаболко** кое достигна просечна цена од 32,1 ден./кг и **мушмулата** која се продаваше во просек по 37,5 ден./кг.

**Во табелите 2 и 3 претставени се просечните најзастапени цени за овоштие на пазарите на мало ( зелените пазари ) за 2013 и 2014 година, изразени во денари за килограм, како и стапката на пораст и опаѓање изразена во проценти.*

**Табела 1*** Просечни најзастапени цени на овошје од пазарите на **големо (кванташки пазари)**

| Вид на овошје | Просечна цена ( 2012 год. ) | Просечна цена ( 2013 год. ) | Просечна цена ( 2014 год. ) | Стапка на пораст /опаѓање 2013/14 ( % ) |
|---|---|---|---|---|
| Ајдаред | **28, 5** | **25, 4** | **22, 9** | **- 10, 0 %** |
| Златен Делишес | **30, 9** | **28** | **21, 9** | **- 21, 8 %** |
| Јонаголд | **31, 7** | **29, 2** | **22, 4** | **- 23, 2 %** |
| Муцу | **32, 2** | **30, 6** | **23, 3** | **- 23, 9 %** |
| Црвен Делишес | **30** | **28, 2** | **22, 2** | **- 21, 2 %** |
| Грозје црно -трпезно | **35** | **28** | **36, 4** | **+ 29, 9 %** |
| Праски | **25, 5** | **19, 2** | **27, 4** | **+ 42, 7 %** |
| Крушки | **65, 3** | **80, 2** | **70, 4** | **- 12, 2 %** |
| Лубеници | **12, 3** | **10, 9** | **10, 5** | **- 3, 7 %** |
| Дињи | **/** | **22, 6** | **22, 5** | **-0, 4 %** |
| Сливи | **26, 5** | **20, 5** | **22** | **+ 7, 3 %** |
| Банани | **/** | **38** | **45, 4** | **+ 19, 5 %** |
| Јагоди | **69, 2** | **56, 5** | **72, 5** | **+ 28, 3 %** |
| Кајсии | **44, 5** | **65** | **50** | **- 23, 1 %** |
| Киви | **46, 4** | **53, 9** | **48** | **- 11 %** |
| Костени | **/** | **62, 9** | **82, 5** | **+ 31, 2%** |
| Лешници-чистени | **509, 3** | **468, 2** | **586** | **+ 25, 2 %** |
| Ореви-чистени | **469, 2** | **485, 7** | **458, 3** | **- 5, 6 %** |
| Лимони | **52, 5** | **65** | **58, 8** | **+-9, 6 %** |
| Портокали | **38, 4** | **41, 3** | **29, 4** | **- 28, 8 %** |
| Цреши | **46, 7** | **45** | **70** | **+ 55, 6 %** |
| Нектарини | **40, 5** | **32, 2** | **32, 5** | **+ 0, 9 %** |
| Грозје бело -трпезно | **/** | **/** | **31** | **/** |
| Јапонско јаболко | **/** | **/** | **20** | **/** |
| Бадеми—чистени | **/** | **/** | **619, 2** | **/** |

Просечни најзастапени цени на овошје од **пазарите на мало ( зелени пазари )** табела 2

| Вид на овошје | Просечна цена ( 2012 год. ) | Просечна цена ( 2013 год. ) | Просечна цена ( 2014 год. ) | Стапка на пораст /опаѓање 2013/14 ( % ) |
|---|---|---|---|---|
| Јаболко-Ајдаред | 32, 1 | 31, 5 | 28, 1 | - 10, 8 % |
| Златен Делишес | 35, 1 | 39, 9 | 35, 9 | - 9, 9 % |
| Јаболко- Јонаголд | 35 | 32, 4 | 28, 8 | - 11, 2 % |
| Јаболко-Муцу | 37, 6 | 42, 7 | 35, 1 | - 17, 8 % |
| Црвен Делишес | 39 | 37, 1 | 37, 4 | + 0, 7 % |
| Грозје црно -трпезно | 41 | 34, 8 | 52 | + 49, 4 % |
| Праски | 38, 9 | 38, 6 | 41, 8 | + 8, 2 % |
| Крушки | 79, 4 | 88, 1 | 87, 5 | - 0, 7 % |
| Лубеници | 16, 1 | 14, 5 | 14, 9 | + 2, 8 % |
| Дињи | / | 32 | 32, 9 | + 2, 8 % |
| Сливи | 34, 5 | 27, 7 | 35, 7 | + 28, 9 % |
| Банани | 50 | 51, 4 | 55, 4 | + 7, 7 % |
| Јагоди | 120, 6 | 148, 3 | 132, 4 | - 10, 7 % |
| Кајсии | 57, 8 | 68, 1 | 72, 7 | + 6, 8 % |
| Киви | 58, 4 | 62, 9 | 74, 3 | + 18, 1 % |
| Костени | 96, 5 | 100, 8 | 108 | + 7, 1 % |
| Лешници-чистени | 571, 3 | 535, 6 | 637, 3 | + 19 % |
| Ореви-чистени | 475, 9 | 477, 3 | 498, 7 | + 4, 5 % |
| Лимони | 69, 7 | 76, 4 | 86 | + 12, 6 % |
| Портокали | 47, 5 | 53, 7 | 47 | - 12, 5 % |
| Цреши | 80, 3 | 66, 8 | 85 | + 27,9 % |
| Нектарини | 51, 7 | 49, 4 | 47, 7 | - 3, 5 % |
| Грозје бело -трпезно | / | / | 45 | / |
| Вишни | / | / | 49,8 | / |
| Мандарини | / | / | 58,2 | / |
| Малини | / | / | 198,7 | / |
| Капини | / | / | 113,6 | / |
| Боровинки | / | / | 175,4 | / |

* Просечни најзастапени цени  на овошје од **пазарите на мало ( зелени пазари )** табела 3

| Вид на овошје | Просечна цена ( 2013 год. ) | Просечна цена ( 2014 год. ) | Стапка на пораст / опаѓање 2013/14 ( % ) |
|---|---|---|---|
| Дуња | / | **71,9** | / |
| Јаболко-Чадел | / | **31** | / |
| Јаболко-Грени Смит | / | **39,7** | / |
| Дренки | / | **48,3** | / |
| Мушмули | / | **37,5** | / |
| Аронија | / | **315,5** | / |
| Бадеми-чистени | / | **640,7** | / |
| Цитрон—жолт | / | **62,6** | / |
| Цитрон—црвен | / | **62,2** | / |
| Јапонско јаболко | / | **32,1** | / |
| Калинка | / | **72,9** | / |
| Смоква | / | **48,9** | / |

**Графички приказ на најзастапени цени од пазарите на мало и големо по месеци на одредени видови на овошје*




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јонаголд- зелени пазари | 25.9 | 25.6 | 25.6 | 25.9 | 26.5 | 26.4 | 40.0 | 25.0 | 38.7 | 29.7 | 27.9 | 28.1 |
| Јонаголд- големо | 20.6 | 23.0 | | | | 25.0 | | | | 25.0 | 20.0 | 21.0 |

## Најзастапени цени на јаболки (ајдаред) на зелените пазари и пазарите на големо во 2014 година




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зелени пазари | 26.4 | 25.4 | 24.8 | 24.5 | 26.1 | 29.7 | 30.5 | 31.6 | 32.7 | 30.9 | 27.8 | 26.8 |
| Пазари на големо | 19.3 | 19.8 | 13.0 | 13.5 | 22.0 | 28.0 | 23.0 | 30.0 | 40.0 | 25.0 | 21.3 | 19.5 |

## Најзастапени цени на јаболки (златен делишес) на зелените пазари и пазарите на големо во 2014 година




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зелени пазари | 26.2 | 26.9 | 26.3 | 31.9 | 40.2 | 45.5 | 65.5 | 40.4 | 36.7 | 32.5 | 30.1 | 29.2 |
| Пазари на големо | 19.3 | 19.0 | 15.0 | 13.0 | 30.0 | 35.0 | | | | 25.8 | 20.0 | 20.0 |

## Најзастапени цени на јаболки (црвен делишес) на зелените пазари и пазарите на големо во 2014 година




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зелени пазари | 28.0 | 27.7 | 26.8 | 34.6 | 52.7 | 52.4 | 75.3 | 30.0 | 29.8 | 30.8 | 30.6 | 29.7 |
| Пазари на големо | 19.3 | 19.0 | 15.0 | 14.0 | 34.0 | | | 28.0 | | 24.5 | 22.8 | 23.5 |

## Најзастапени цени на јаболки (муцо) на зелените пазари и пазарите на големо во 2014 година




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зелени пазари | 28.1 | 28.9 | 31.1 | 35.1 | 30.9 | 38.1 | 55.0 | 44.2 | 35.8 | 32.0 | 31.1 | 30.6 |
| Пазари на големо | 19.3 | 19.0 | | | | | | 35.0 | | 23.8 | 19.5 | 23.0 |

## Најзастапени цени на праски на зелените пазари и пазарите на големо во 2014 година




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зелени пазари | | | | | 73.6 | 38.7 | 31.1 | 29.1 | 36.4 | | | |
| Пазари на големо | | | | | 45.0 | 22.0 | 25.0 | 25.0 | 20.0 | | | |

## Најзастапени цени на трпезно грозје (црно и бело) на зелените пазари и пазарите на големо во 2014 година




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Црно грозје-зелени пазари | | | | | | | 58.3 | 58.0 | 41.9 | 50.7 | 50.1 | |
| Црно грозје-пазари на големо | | | | | | | | 33.0 | 25.0 | 37.5 | 50.0 | |
| Бело грозје-зелени пазари | | | | | | | 60.0 | 39.8 | 39.5 | 43.1 | 44.7 | |
| Бело грозје-пазари на големо | | | | | | | | 32.5 | 25.0 | 35.0 | 30.0 | |

## Најзастапени цени на лубеници на зелените пазари и пазарите на големо во 2014 година




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зелени пазари | | | | | | 32.2 | 12.2 | 9.4 | 9.5 | 11.4 | | |
| Пазари на големо | | | | | | 15.0 | 8.0 | 9.0 | 10.0 | | | |

## Најзастапени цени на дињи на зелените пазари и пазарите на големо во 2014 година




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зелени пазари | | | | | | 56.7 | 32.2 | 22.9 | 23.4 | 29.1 | | |
| Пазари на големо | | | | | | 25.0 | 20.0 | 25.0 | 20.0 | | | |

## Најзастапени цени на сливи на зелените пазари и пазарите на големо во 2014 година




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зелени пазари | | | | | | | 36.4 | 26.49 | 29.9 | 50.2 | | |
| Пазари на големо | | | | | | | | 21.0 | 15.0 | 30.0 | | |

## Најзастапени цени на круши на зелените пазари и пазарите на големо во 2014 година




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зелени пазари | 81.5 | 91.5 | 105.5 | 114.3 | 114.9 | 96.5 | 85.1 | 64.9 | 71.7 | 72.4 | 73.8 | 77.8 |
| Пазари на големо | | 85.0 | 85.0 | 95.0 | 90.0 | 50.0 | 70.0 | 50.0 | 50.0 | 75.0 | 71.3 | 53.5 |

## Најзастапени цени на јагоди на зелените пазари и пазарите на големо во 2014 година




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зелени пазари | | | | | 85.8 | 80.9 | 95 | 80 | | | | |
| Пазар на големо | | | | | 50 | | 90 | | | | | |

## Најзастапени цени на лешник (чистен) на зелените пазари и пазарите на големо во 2014 година




| | Јан. | Фев. | Мар. | Апр. | Мај . | Јун. | Јул. | Авг. | Сеп. | Окт. | Ное. | Дек. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зелени пазари | 550.40 | 560.52 | 562.10 | 570.70 | 608.37 | 627.59 | 639.81 | 619.07 | 629.96 | 689.29 | 794.17 | 795.62 |
| Пазар на големо | 450.00 | 450.00 | 450.00 | 430.00 | | | 650.00 | 550.00 | 570.00 | 685.00 | 800.00 | 825.00 |

## Зеленчук - пазари на големо

На **пазарите на големо** во 2014 година забележителен е тренд на пораст на најзастапените просечни цени и тоа најмногу кај **оризот** од 17,6 %, кој постигна цена од 64,7 ден./кг во споредба со 2013 кога цената изнесуваше 55 ден./кг, **лукот** со просечна најастапена цена од 136,3 ден./кгр - зголемување од 23,2 %, како и кај **пиперот–** 60,6 ден./кг во споредба со 2013 кога просечната цена на големо изнесуваше 54,9 ден./кг што е зголемување од 10,5 %.

**Благиот пипер** во првите три месеци од почетокот на годината имаше карактеристично висока цена од 130 до 135 ден./кг и во тој период бележиме слаба понуда во која преовладуваа пиперки од увоз како и пиперки одгледани во Македонија под стакленици. Почнувајќи од месец април, во наредните шест месеци, цената контунуирано паѓаше и во месец септември ја достигна најниската цена од 15 ден./кг.

Зголемување на цената има и кај **црвената пиперка—капија** од 15,8 %, кои во просек се продаваа за 29,3 ден./кг. Пораст на цената од 9,3 % имаме и кај **гравот,** кај кој во последните три години цената континуирано расте и на кванташките пазари оваа година постигна цена од 129, 8 ден./кг споредбено со 2013 кога цената изнесуваше 118, 7 ден./кг. Повисока цена од 9,5 % имаме и кај **леќата** од увоз (Канада и Турција ) која на пазарите достигна просечна најзастапена цена од 76,7 ден./кг.

Пораст на цените од 15,3% има и кај **карфиолот** кој се нудеше во просек по 39,2 ден./кг, **брокулите** со пораст од 5,4 %, и просечна цена од 90,7 ден./кг , **боранијата** со цена од 40 ден./кг и зголемување од 4,8%, како и кај **зелената салата** која во 2013 година се продаваше во просек по 11,6 ден./кг за во 2014 година да достигне цена од 13,9 ден./кг , што е пораст од 19 %.

Најголем тренд на опаѓање на цените на пазарите на големо има кај **краставиците** од 26,3 % со просечна најзастапена цена од 35,5 ден./кг, споредбено со лани кога цената достигна 48,2 ден./кг што се должи на зголеменото производство.

Слична ситуација имаме и кај **компирот** кај кого има пад на цената од 17,7 %, и цена од 19,3 ден./кг.

На почетокот од 2014 година цената кај компирот беше стабилна и се движеше во границите од 19 до 25 ден./кг , за да во втората половина на годината цената драстично се намали и го достигне својот минимум во месец декември кога килограм компир на пазарите на големо се нудеше во просек по 11 денари.

Пазарот на **домати** и цената на истите, како и минатите години, најмногу е одредена од сезонскиот карактер на производството, па така цената на почетокот на годината во првите четири месеци се движеше од 62 до 85 ден./кг а својот минимум го достигна во месец август со цена од 32,5 ден./кг Карактеристично за 2014 година беше стабилната цена на доматот без поголеми флуктуации преку целата година. Просечната најзастапена цена достигна 48,02 ден./кг споредбено со лани кога достигна 54,2 ден./кг и е поголема за 11,1 %.

Пад на цената има и кај **кромидот** од 14,1 % и просечна најзастапена цена од 20,7 ден./кг, **цвеклото** со пад на цената од 11,4 % и **морковот** со пониска цена од лани за 4,3%.

**Зелката** на почетокот на година ( јануари ) стартуваше со просечна цена од 7,3 ден./кг за во (декември), цената на пазарите на големо да достигне 20 ден./кг. Просечната цена на зелка за 2014 година изнесуваше 13,7 ден./кг.

**Стапката на пораст и опаѓање, како и просечните назастапени цени од **пазарите на големо** за 2013 и 2014 година на позначајните видови зеленчук се дадени во **табела 4**.*

## Зеленчук - пазари на мало

**Пазарите на мало** преку целата година изобилуваа со богата понуда од зеленчук а забележителна беше ниската цена кај компирот преку целата година и невообичаено високата цена кај оризот и гравот.

На **пазарите на мало,** тренд на пораст на најзастапените просечни цени има кај повеќето зеленчуци. Најголемо зголемување на цената има кај **оризот** од скоро 22 % кај кој просечната најзастапена цена изнесуваше 80,2 ден./кг,  **гравот** од 15 % кој се продаваше во просек по 154,8 ден./кг споредено со 2013 кога се продаваа во просек по 135,1 ден./кг.

Зголемување од 9,1 % има и кај **црвената пиперка –капија** кој достигна цена од 33,6 ден./кг, кај **зелената салата** зголемување од 10,3 % и просечна најзастапена цена од 17,2  ден./кг, кај **карфиолот** од 7,6 %, и цена од 82,1 ден./кг .

Благо зголемување на цената има и кај **лукот** од 6,1 % кој  достигна цена од 137 ден./ кг, **боранијата** со 2,5 % и цена од 55,5 ден./кг споредено со 2013 кога во просек се продаваше по 54,1 ден./кг како и кај младиот компир со просечна најзастапена цена од 44,6 ден./кгр и пораст од 2,4 %.

Драстично намалување на цените на пазарите на мало има кај **компирот** од 17,6 %. кој достигна просечна цена од 25 ден./кг и преку целата година  цената беше стабилна без поголеми осцилации и се движеше од 28,7 ден./кг во месец мај до 21,9 ден./кг во месец  декември.

На почетокот на 2014 година, 1 кг **зелка** се продаваше во просек од 15 денари за на крајот на годината во периодот кога се подготвуваше зимницата да достигне неверојатна цена за тој период од годината од 26,5 ден./кг Просечната цена на зелката изнесуваше 18,1 ден./кг.

Пад на цената од 4,7 % бележиме кај **краставицата** која се продаваше во просек по 56,2 ден./кг за разлика од лани кога цената достигна 59 ден./кг. Во февруари цената на краставицата го достигна максимумот од 119 ден./кг,а  својот минимум беше во месец август и изнесуваше 25,2 ден./кг.

Просечната најзастапена цената на **доматот** во 2013 година изнесуваше 61,3 ден./кг, а во 2014 година беше скоро идентична и изнесуваше 61,2 ден./кг. Во првиот квартал од 2014 година цената се движеше од 85 до 97 ден./кг за потоа да се стабилизира и се движи од 36 до 45 ден./кг. Карактеристично за оваа година беше што најзастапената цена на доматот на пазарите на мало не се симна под 36 ден./кг што се должи на слабиот принос поради временските услови кои ја карактеризираа 2014 година. Кон крајот на годината понудата и побарувачката на домати е во опаѓање додека цените се во пораст.

Намалување од 7,7 % имаме и кај **цвеклото** со просечна најзастапена цена од 33,1 ден./кг, **кромидот**  од 6,8 % и цена од 27,5 ден./кг , **брокулите**  со цена од 111,7 ден./кг и намалување од 3,3 % како и **пиперот**  со незначително намалување од 1,9 % и цена од 78,8 ден./кг  Споредбено со лани кога цената изнесуваше 80,3 ден./кг.

**Леќата** во просек се продаваше по цена од 84,2 ден./кг, **грашокот** по цена од 42,8 ден./кг, **маслинките** достигнаа цена од 205,2 ден./кг , **кикириките во лушпа**  98,7 ден./кг , **целерот** 95,9 ден./кг, **пиперките бабури**  48,4 ден./кг, **младиот кромид** се нудеше по 3,68 денари за парче, а **младиот лук** по 5,25 денари за парче  и магдоносот во просек се продаваше 12,22 денари за китка.

**Во **табелата 5** се претставени споредбените просечни цени за 2013 и 2014 година од **зелените пазари.***

* Просечни најзастапени цени на зеленчук од **пазарите на големо (кванташки пазари)** табела 4,

| **Вид на зеленчук**<br>**Пазар на големо** | **Просечна цена ( 2012 год. )** | **Просечна цена ( 2013 год. )** | **Просечна цена ( 2014 год. )** | **Стапка на пораст/ опаѓање 2013 / 14** |
|---|---|---|---|---|
| Пиперки благи | **64, 4** | **54, 9** | **60, 6** | **+ 10, 5 %** |
| Компири | **15** | **23, 4** | **19, 3** | **- 17, 7 %** |
| Кромид | **16** | **24, 1** | **20, 7** | **- 14, 1 %** |
| Домати | **43, 5** | **54, 2** | **48, 2** | **- 11, 1 %** |
| Зелка | **15 ,8** | **15, 1** | **13, 7** | **- 9 %** |
| Краставици | **43, 7** | **48, 2** | **35, 5** | **- 26, 3 %** |
| Ориз | **53, 6** | **55** | **64, 7** | **+ 17, 6 %** |
| Црвени пиперки | **23, 2** | **25, 3** | **29, 3** | **+ 15, 8 %** |
| Моркови | **24, 9** | **25, 1** | **24** | **- 4, 3 %** |
| Грав | **103, 6** | **118, 7** | **129, 8** | **+ 9, 3 %** |
| Леќа | **79, 8** | **70** | **76, 7** | **+ 9, 5 %** |
| Грашок | **31, 5** | **30** | **/** | **/** |
| Боранија | **37** | **38, 2** | **40** | **+ 4, 8 %** |
| Зелена салата—парче | **7, 4** | **11, 6** | **13, 9** | **+ 19 %** |
| Карфиол | **31, 8** | **34** | **39, 2** | **+ 15, 3 %** |
| Лук | **119, 1** | **110, 6** | **136, 3** | **+ 23, 2 %** |
| Спанаќ | **30, 5** | **31, 8** | **32, 9** | **+ 3, 7 %** |
| Тикви | **20, 5** | **19** | **11, 5** | **- 39, 3 %** |
| Цвекло | **22, 8** | **26, 3** | **23, 3** | **- 11, 4 %** |
| Зелка—црвена | **27** | **22, 2** | **23, 4** | **+ 5, 4 %** |
| Брокули | **/** | **86, 1** | **90, 7** | **+ 5, 4 %** |
| Пиперки лути | **/** | **/** | **69, 7** | **/** |
| Модар патлиџан | **/** | **/** | **23, 3** | **/** |
| Пиперки Бабури | **/** | **/** | **47, 5** | **/** |
| Праз –парче | **/** | **/** | **4, 33** | **/** |
| Корнишони | **/** | **/** | **30** | **/** |
| Компири-млад | **/** | **/** | **27, 5** | **/** |

* Просечни најзастапени цени  на зеленчук **од пазарите на мало (зелени пазари)** (табела 5,)

| Вид на зеленчук<br>Пазар на мало | Просечна цена ( 2012 год. ) | Просечна цена ( 2013 год. ) | Просечна цена ( 2014год. ) | Стапка на пораст опаѓање 2013/14 |
|---|---|---|---|---|
| Пиперки благи | 76, 6 | 80, 3 | 78, 8 | - 1,9  % |
| Компири | 21, 2 | 30, 3 | 25 | - 17, 6 % |
| Компири-млади | 27, 3 | 43, 6 | 44, 6 | + 2, 4 % |
| Кромид | 21, 4 | 29, 5 | 27, 5 | - 6, 8 % |
| Домати | 55, 8 | 61, 3 | 61, 2 | - 0, 1 % |
| Зелка | 21, 6 | 19 | 18, 1 | - 4, 7 % |
| Краставици | 56, 1 | 59 | 56, 2 | - 4, 7 % |
| Ориз | 61, 3 | 66, 1 | 80, 2 | + 21, 4 % |
| Црвени пиперки | 27, 5 | 30, 8 | 33, 6 | + 9, 1 % |
| Моркови | 34, 5 | 38 | 36, 1 | - 4, 9 % |
| Грав | 120, 4 | 135, 1 | 154, 8 | + 14, 6 % |
| Леќа | 90, 6 | 87, 6 | 84, 2 | - 3, 9 % |
| Грашок | 39, 6 | 45, 3 | 42, 8 | - 5, 5 % |
| Боранија | 50, 3 | 54, 1 | 55, 5 | + 2, 5 % |
| Зелена салата-парче | 16, 2 | 15, 6 | 17, 2 | + 10, 3 % |
| Карфиол | / | 76, 3 | 82, 1 | + 7, 6 % |
| Лук | 140, 3 | 129, 1 | 137 | + 6, 1 % |
| Спанаќ | 40, 8 | 47, 4 | 47 | - 0, 8 % |
| Тикви | 22, 3 | 22, 1 | 18, 7 | - 15, 2 % |
| Цвекло | 32, 3 | 36, 9 | 33, 1 | - 7, 7 % |
| Зелка—црвена | 31, 4 | 27, 3 | 26, 9 | - 1, 5 % |
| Брокули | 102, 4 | 115, 6 | 111, 7 | - 3, 3 % |
| Суви пиперки—низа | 235, 6 | 256, 6 | 271, 7 | + 5, 9 % |
| Корнишони | 28, 1 | 33, 9 | 34, 1 | + 0, 7 % |
| Феферони | / | / | 36, 1 | / |
